**ИЗЈАВА НА МИНИСТЕРКАТА ШЕКЕРИНСКА – ПОСЕТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА АРМИЈАТА КАЈ СЕЛО ТОПЛИЦА -08.08.2021 година**

Армијата дава клучна поддршка на сите централни и локални институции и во прилепскиот регион, каде што веќе неколку дена се активни на повеќе локации. Успеаја да ги локализираат и да ги изгасат голем дел од пожарите, но за жал и денеска чув и од нив дека нови жаришта се појавуваат, дел достапни, дел недостапни.

Со мене го споделија и сомнежот дека еден дел од овие пожари сметаат дека се и намерно поставени и заради тоа продолжуваат да бидат присутни тука за да не дозволат огнот повторно да се разгори.

Во текот на попладневните часови најверојатно ќе биде потребна дури и воздухопловна поддршка како дополнителна помош на сите наши војници и старешини кои што сиве овие денови се на терен и помагаат да се справиме со огнената стихија.